Финансиски извештаи и Извештај на независните ревизори

# Централна Кооперативна Банка АД, Скопје

31 декември 2011 година

# Содржина


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 |
| Биланс на успех | 3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Биланс на состојба | 5 |
| Извештај за промените во капиталот и резервите | 7 |
| Извештај за паричниот тек | 11 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 13 |

Grant Thornton
An instinct for growth™

# Извештај на независните ревизори

**Grant Thornton DOO**
M.H.Jasmin 52 v-1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Раководството и Акционерите на

Централна Кооперативна Банка АД, Скопје

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Централна Кооперативна Банка А.Д., Скопје ("Банката") составени од Биланс на состојба на ден 31 декември 2011 и Биланс на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените во капиталот и резервите и Извештај за паричниот тек за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 126.

*Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната Банка на Република Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

Grant Thornton
An instinct for growth

При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Банката со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Банката. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

*Основа за мислење со резерва*

Како што е опишано во Белешката 12 кон придружните финансиски извештаи, исправката на вредноста на финансиски средства на нето основа за годината која заврши на 31 декември 2011 година изнесува Денари 23,075 илјади. Врз основа на спроведените ревизорски процедури ние утврдивме дека трошокот за исправка на вредноста на финансиските средства на нето основа за годината која заврши на 31 декември 2011 година е потценет, а финансискиот резултат и кредитите на и побарувањата од други комитенти со состојба на и за годината која заврши на 31 декември 2011 година се преценети за нето износ од Денари 7,241 илјади. Банката го евидентираше овој износ во своите финансиски извештаи по датумот на известување.

*Мислење*

Наше мислење е дека, освен за ефектите од евентуалните корекции, кои би можеле да произлезат од прашањето дискутирано во пасусот "Основа за мислење со резерва", наведените финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, објективно ја претставуваат финансиската состојба на Банката на ден 31 декември 2011 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната Банка на Република Македонија.

Скопје,
16 април 2012 година

Grant Thornton

Грант Торнтон ДОО

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Директор
Ружа Филипчева

Овластен ревизор
Марјан Андонов

Финансиски извештаи
31 декември 2011 година

# Биланс на успех

| | Белешка | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| | | | *во илјади Денари* |
| Приходи од камата | | 141,753 | 75,463 |
| Расходи за камата | | (78,038) | (23,872) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | 63,715 | 51,591 |
| Приходи од провизии и надомести | | 47,631 | 14,565 |
| Расходи за провизии и надомести | | (18,097) | (4,806) |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | 29,534 | 9,759 |
| Нето-приходи од тргување | 8 | - | - |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | - | - |
| Нето-приходи/ (расходи) од курсни разлики | 10 | 2,450 | 3,387 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 227,064 | 93,912 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | - | - |
| | | **322,763** | **158,649** |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | 12 | (23,075) | (6,052) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | - | - |
| Трошоци за вработените | 14 | (125,393) | (67,539) |
| Амортизација | 15 | (46,708) | (21,308) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (125,616) | (57,499) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | - | - |
| **Добивка/ (загуба) пред оданочување** | | **1,971** | **6,251** |
| Данок на добивка | 17 | (695) | (322) |
| **Добивка/ (загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **1,276** | **5,929** |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | - | - |
| **Добивка/ (загуба) за финансиската година** | | **1,276** | **5,929** |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година, која припаѓа на:*** | | | |
| Акционерите | | - | - |
| неконтролираното учество | | - | - |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во Денари) | | 2 | 19 |
| разводнета заработка по акција (во Денари) | | - | - |

*само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиски извештаи
31 декември 2011 година

# Извештај за сеопфатна добивка

*во илјади Денари*

| | Белешка | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **1,276** | **5,929** |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)** | | | |
| Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | | | |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | 23.1 | 7,580 | 16,585 |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | 23.1 | (16,580) | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Корекција на данок на добивка од останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | 1,659 | (1,659) |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | (7,341) | 14,926 |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | (6,065) | 20,855 |
| | | | |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, која припаѓа на: *** | | | |
| Акционерите | | - | - |
| Малцинското учество | | - | - |

*само за консолидираните финансиски извештаи

# Биланс на состојба

| | Белешки | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| | | во илјади Денари | |
| **Актива** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 3,783,745 | 988,797 |
| Средства за тргување | 19 | - | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 20 | - | - |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | - | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 782,151 | 547,509 |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 23,280 | 170,789 |
| Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според "методот на главнина") | 24 | - | - |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 1,221 | 518 |
| Останати побарувања | 25 | 99,437 | 62,514 |
| Заложени средства | 26 | - | - |
| Превземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 197,915 | 67,631 |
| Нематеријални средства | 28 | 98,996 | 36,836 |
| Недвижности и опрема | 29 | 309,669 | 259,687 |
| Одложени даночни средства | 30.2 | - | 38 |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | 57,608 | 57,608 |
| **Вкупно актива** | | **5,354,022** | **2,191,927** |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски за тргување | 32 | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетно признавање | 33 | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Депозити на банки | 34.1 | 923,346 | 143,043 |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 2,898,812 | 1,132,545 |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | - | - |
| Обврски по кредити | 36 | 66,665 | 7,045 |
| Субординирани обврски | 37 | - | - |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 2,661 | 655 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | - | - |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | - | 1,697 |
| Останати обврски | 39 | 68,662 | 62,045 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупно обврски** | | **3,960,146** | **1,347,030** |

Финансиски извештаи
31 декември 2011 година

**Биланс на состојба (продолжува)**

| | Белешки | во илјади Денари 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,397,967 | 804,172 |
| Премии од акции | | 524 | 524 |
| Сопствени акции | | - | - |
| Други сопственички инструменти | | - | - |
| Ревалоризациски резерви | | 21,576 | 28,917 |
| Останати резерви | | 16,551 | 5,355 |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | (42,742) | 5,929 |
| **Вкупно капитал и резерви кои припаѓаат на акционерите на Банката** | | **1,393,876** | **844,897** |
| Неконтролирано учество* | | **-** | **-** |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **1,393,876** | **844,897** |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **5,354,022** | **2,191,927** |
| Потенцијални обврски | 42.1 | 143,092 | 87,532 |
| Потенцијални средства | 42.1 | - | - |

*само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одобрени за издавање и потпишани од страна на Управниот одбор на Банката на 26 јануари 2011 година и истите се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 27 јануари 2011 година.

Потпишани во име на Управниот одбор на Банката од:

**Неделин Велчев**
Претседател на Управен одбор

**Орце Трајковски**
Член на Управен одбор

# Извештај за промените во капиталот и резервите

| *Во илјади Денари* | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациска резерва за сред. располо. за прод. | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни раз. од влож. во странско раб. | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инст. | Останати резерви | Распол. за распред на акцион. | Ограничена за распределба на акцион. | (Акумулирани загуби) | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акц. на Банката** | Неконтролирано учество * | **Вкупно капитал и резерви** |
| На 1 јануари 2010 | 804,172 | 524 | - | - | (5) | - | - | 13,996 | - | - | - | - | 5,355 | - | 824,042 | - | 824,042 |
| Корекции на почетната состојба | - | - | - | - | - | - | - | - | | | - | - | - | - | - | - | - |
| **На 1 јануари 2010 година, корегирано** | **804,172** | **524** | **-** | **-** | **(5)** | **-** | **-** | **13,996** | **-** | **-** | **-** | **-** | **5,355** | **-** | **824,042** | **-** | **824,042** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Добивка/загуба за финансиската година | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 5,929 | - | - | 5,929 | - | 5,929 |
| Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | - | - | - | - | 16,585 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 16,585 | - | 16,585 |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на паричните текови | - | - | - | - | - | - | - | - | - | | - | - | - | - | - | - | - |

Финансиски извештаи
31 декември 2011 година

## Извештај за промените во капиталот и резервите (продолжува)

| *Во илјади Денари* | Капитал: Запишан капитал | Капитал: Премии од акции | Капитал: (Сопствени акции) | Капитал: Други сопственички инструменти | Ревалоризациски резерви: Ревалоризациска резерва за сред. располо. за прод. | Ревалоризациски резерви: Резерва за заштита од ризикот | Ревалоризациски резерви: Резерва од курсни раз. од влож. во странско раб. | Ревалоризациски резерви: Останати ревалоризациски резерви | Останати резерви: Законска резерва | Останати резерви: Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви: Останати резерви | Задржана добивка: Распол. за распред на акцион. | Задржана добивка: Ограничена за распределба на акцион. | (Акумулирани загуби) | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акц. на Банката** | Неконтролирано учество* | **Вкупно капитал и резерви** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | | | | |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите | - | - | - | - | (1,659) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (1,659) | - | (1,659) |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите** | **-** | **-** | **-** | **-** | **14,926** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **14,926** | **-** | **14,926** |
| **Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | **-** | **-** | **-** | **-** | **14,926** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **5,929** | **-** | **-** | **20,855** | **-** | **20,855** |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за законска резерва | - | - | - | - | - | - | - | - | 5,355 | - | - | - | (5,355) | - | - | - | - |
| Издвојување за останати резерви | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **5,355** | **-** | **-** | **-** | **(5,355)** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **На 31 декември 2010 / 1 јануари 2011** | **804,172** | **524** | **-** | **-** | **14,921** | **-** | **-** | **13,996** | **5,355** | **-** | **-** | **5,929** | **-** | **-** | **844,897** | **-** | **844,897** |
| **Ефект од присоединување на Статер Банка АД Куманово** | **593,873** | **-** | **-** | **-** | | **-** | **-** | **-** | **1,818** | **-** | **2,688** | **5,774** | **12,148** | **(51,901)** | **-<br>564,400** | **-** | **564,400** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Добивка/(загуба) за финансиската година | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1,276 | - | - | 1,276 | - | 1,276 |

## Извештај за промените во капиталот и резервите (продолжува)

| *Во илјади Денари* | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациска резерва за сред. распол. за прод. | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни раз. од влож. во странско раб. | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни и финансиски инструмен. | Останати резерви | Распол. за распред на акцион. | Ограничена за распределба на акцион. | (Акумулирани загуби) | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акц. на Банката** | Неконтролирано учество * | **Вкупно капитал и резерви** |
| Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **-** | - | **-** |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | - | - | - | - | (9,000) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (9,000) | - | (9,000) |
| Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Корекција на одложени даночни средства од претходни години | - | - | - | - | 1,659 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1,659 | - | 1,659 |
| **Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите** | **-** | **-** | **-** | **-** | **(7,341)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | | **-** | **-** | **(7,341)** | **-** | **(7,341)** |
| **Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | **-** | **-** | **-** | **-** | **(7,341)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **1,276** | **-** | **-** | **(6,065)** | **-** | **(6,065)** |

**Финансиски извештаи**
**31 декември 2011 година**

## Извештај за промените во капиталот и резервите (продолжува)

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Во илјади Денари* | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопствени инструменти | Ревалоризациска резерва за сред. располо. за прод. | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни раз. од влож. во странско раб. | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструмени. | Останати резерви | Распол. за распред на акцион. | Ограничена за распределба на акцион. | (Акумулирани загуби) | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акц. на Банката** | Неконтролирано учество * | **Вкупно капитал и резерви** |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за законска резерва | - | - | - | - | - | - | - | - | 6,690 | - | - | (6,690) | - | - | - | - | - |
| Издвојување за останати резерви | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Ефект од заокружување од конверзија на акции на Статер Банка во акции на Централна Кооперативна Банка | (78) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (78) | - | (78) |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | **(78)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **6,690** | **-** | **-** | **(6,690)** | **-** | **-** | **(78)** | **-** | **(78)** |
| **Корекција на сметководствена грешка од Статер Банка (Белошка 28 и 29)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **(9,278)** | **(9,278)** | **-** | **(9,278)** |
| **На 31 декември 2011** | **1,397,967** | **524** | **-** | **-** | **7,580** | **-** | **-** | **13,996** | **13,863** | **-** | **2,688** | **6,289** | **12,148** | **(61,179)** | **1,393,876** | **-** | **1,393,876** |

*само за консолидираните финансиски извештаи

# Извештај за паричниот тек

*во илјади Денари*

| | Белешка | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(Загуба) пред оданочувањето | | 1,971 | 6,251 |
| Коригирана за: | | | |
| Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | - | - |
| Амортизацијата на: | | | |
| нематеријални средства | | 13,980 | 4,842 |
| недвижности и опрема | | 32,728 | 16,466 |
| Капиталната добивка од: | | | - |
| продажба на нематеријални средства | | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | | (162,934) | - |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | (86,711) |
| Капиталната загуба од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | | - | - |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | - |
| Приходи од камата | | (141,753) | (75,463) |
| Расходи за камата | | 78,038 | 23,872 |
| Нето-приходи од тргување | | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителна исправка на вредноста | | 220,807 | 75,137 |
| ослободена исправка на вредноста | | (197,732) | (69,085) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | - | - |
| ослободени загуби поради оштетување | | - | - |
| Посебна резерва | | | - |
| дополнителни резервирања | | 6,300 | 1,788 |
| ослободени резервирања | | (7,941) | (1,407) |
| Приходи од дивиденди | | (2,264) | (788) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | - | - |
| Останати корекции | | (16,706) | - |
| Наплатени камати | | 138,273 | 72,437 |
| Платени камати | | (73,566) | (23,123) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната книга** | | **(110,799)** | **(55,784)** |
| (Зголемување)/намалување на деловната актива: | | | |
| Средства за тргување | | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | | (1,190) | 19,946 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | 102,699 | (55,818) |
| Заложени средства | | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 4,236 | 810 |
| Задолжителна резерва во странска валута | | (42,685) | (4,227) |

*во илјади Денари*

## Извештај за паричниот тек (продолжува)

| | Белешка | Година што завршува на 31 декември 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи | | - | - |
| Останати побарувања | | (49,413) | (17,513) |
| Одложени даночни средства | | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | - | - |
| Зголемување/(намалување) на деловните обврски: | | | |
| Обврски за тргување | | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | - | - |
| Депозити на банки | | 926,533 | 138,872 |
| Депозити на други комитенти | | 399,028 | 358,493 |
| Останати обврски | | (29,082) | (4,526) |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | - | - |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | | **1,199,327** | **380,253** |
| (Платен)/поврат на данок на добивка | | (1,136) | 205 |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | | **1,198,191** | **380,458** |
| **Паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| (Вложувања во хартии од вредност) | | - | (103,356) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 175,687 | - |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | - | - |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | - | - |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (14,619) | (268) |
| Приливи од продажбата на нематеријалните средства | | - | - |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (29,733) | (7,256) |
| Приливи од продажбата на недвижностите и опремата | | 190,692 | - |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | - | - |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | | - |
| (Останати одливи од инвестициската дејност) | | - | - |
| Останати приливи од инвестициската дејност | | 104 | 788 |
| **Нето паричен тек од инвестициската дејност** | | **322,131** | **(110,092)** |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | - |
| (Отплата на издадените должнички хартии од вредност) | | - | - |
| Приливи од издадените должнички хартии од вредност | | - | - |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (11,783) | (1,811) |
| Зголемување на обврските по кредити | | - | - |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | - | - |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | - | - |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | - | - |
| (Откуп на сопствени акции) | | - | - |
| Продадени сопствени акции | | - | - |
| (Платени дивиденди) | | - | - |
| (Останати одливи од финансирањето) | | - | - |
| Останати приливи од финансирањето | | - | - |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | **(11,783)** | **(1,811)** |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | 52 | (3) |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | (46) | - |
| **Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | **1,508,545** | **268,552** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | **965,823** | **697,271** |
| Парични средства од присоединување со Статер банка А.Д Куманово 1 јануари 2011 | | 1,205,265 | - |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | **18** | **3,679,633** | **965,823** |

*само за консолидираните финансиски извештаи

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1 Општи информации

Централна Кооперативна Банка АД, Скопје (во понатамошниот текст "Банката") е Акционерско Друштво основано во Република Македонија. Адресата на нејзиното регистрирано седиште е: Национална арена Филип Втори Македонски бб, Скопје, Република Македонија.

Во согласност со добиено решение од НБРМ, како и врз основа на решение за запишување на промена издадено од Централниот регистар на РМ од 03 јануари 2011 година, извршено е бришење на Статер Банка АД Куманово од трговскиот регистар и извршен е упис на присоединување на Статер Банка АД Куманово, како друштво што се присоединува кон Централна Кооперативна банка АД Скопје. Централна Кооперативна банка АД Скопје како друштво што превзема, стана правен следбеник на Статер Банка АД Куманово, друштво кое престана да постои како субјект во правниот промет.

Акциите на Банката котираат на котација на Редовниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност, а кодот под кој котираат е следниот:

| Шифра на хартија од вредност | ИСИН број |
|---|---|
| ЦКБ (обична акција) | МКСИЛБ101014 |

Банката е овластена од Народна Банка на Република Македонија за вршење на платен промет, кредитни и депозитни активности во земјата и странство. Вкупниот број на вработени на Банката на 31 декември 2011 и 31 декември 2010 година изнесува 197, односно 119 вработени, соодветно.

### 1.1 Основа за изготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на Централна Коперативна Банка АД, Скопје се изготвени во согласност со Законот за банките („Службен весник на РМ бр.67/2007, 90/2009, 67/2010), и подзаконската регулатива пропишана од страна на НБРМ кои се на сила на 31 декември 2011 година и Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр.28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10; 24/11).

Основи за изготвување на финансиските извештаи (продолжува)

Финансиските извештаи на Банката се прикажани во согласност со формата и содржината на билансните шеми објавени во Одлука за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките, објавено во Службен весник на РМ бр.169/2010 и 152/2011, која е заснована на Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, објавена во Службен весник на РМ бр.169/2010.

Подготовката на финансиските извештаи е во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија и бара користење на проценки и претпоставки кои имаат влијание на прикажаните средства и обврски, потенцијалните средства и обврски на денот на финансиските извештаи и прикажаните износи на приходите и расходите за време на извештајниот период. Овие проценки се базирани на најдобрите познавања на Раководството на тековните настани и активности и се објавени во Белешка 1.3.

Дополнителни информации се прикажани во сметководствените политики и соодветните Белешки кон финансиските извештаи.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2011 и 2010 година. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади Денари. Онаму каде што е неопходно, презентацијата на споредбените податоци е прилагодена согласно промените во презентацијата во тековната година.

## 1.2 Значајни сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие финансиски извештаи. Утврдувањето на сметководствените политики на Банката се заснова на признаени, познати и практични искуства, на одредбите на Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, Одлуката за сметковниот план за банките, Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и останатите законски прописи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 1.2.1 Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Трансакција во странска валута е трансакција која гласи на странска валута или може да се претвори во странска валута.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба, додека пак сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

Значајни сметководствени политики (продолжува)
Трансакции во странска валута (продолжува)

| | 31 декември 2011 | 31 декември 2010 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61.5050 Денари | 61.5050 Денари |
| 1 УСД | 47.5346 Денари | 46.3140 Денари |
| 1 ЦХФ | 50.5964 Денари | 49.3026 Денари |

### 1.2.2. Пребивање (нетирање)

Финансиските средства и обврски се нетирани и презентирани во Билансот на состојба на нето основа во случаи кога нетирањето на признаените износи е законски дозволено.

### 1.2.3 Приходи и расходи по камати

Приходите и расходите по основ на камати се признаени во Билансот на успех за сите каматоносни финансиски средства и обврски со примена на методот на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, каде е применливо, пократок период до нето сметководствената вредност на финансиското средство или финансиската обврска. При пресметувањето на ефективната каматна стапка, ентитетот треба да ги процени паричните текови земајќи ги во предвид сите услови од договорот за финансискиот инструмент, но не треба да се земат во предвид идните кредитни загуби.

### 1.2.4 Приходи од надомести и провизии

Провизиите и надоместите, со исклучок на надоместите за одобрување на кредити, се признаваат на пресметковна основа во периодот кога се врши услугата. Надомести за одобрување на кредити се разграничуваат и амортизираат за времетраењето на кредитот со примена на методата на ефективната каматна стапка.

### 1.2.5 Приходи и расходи од курсни разлики

Нето приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од порамнување на трансакциите во странска валута, како и од вреднување на средствата и обврските во странска валута и се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Превземените и потенцијалните обврски деноминирани во странска валута се преведуваат во Денари со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на Билансот на состојба.

### 1.2.6 Приходи од дивиденди

Дивидендите се признаваат во Билансот на успех кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

### 1.2.7 Финансиски средства

Финансиските средства се класифицираат во следните категории:  кредити и побарувања, финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства расположливи за продажба и финансиски средства кои се чуваат до доспевање.  Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на иницијалното признавање.

Значајни сметководствени политики (продолжува)
Финансиски средства (продолжува)
*Кредити и побарувања*
Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие ги вклучуваат сите побарувања кои произлегуваат од трансакциите со комитенти и банки, и се признаваат при исплатата на готовината.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби*
Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување и хартии од вредност според објективна вредност преку добивки или загуби определени како такви при почетното признавање. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување добивка.

Со состојба на 31 декември 2011 и 2010 година Банката нема финансиски средства класифицирани во оваа категорија.

*Финансиски средства расположливи за продажба*
Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативни средства, кои се класифицирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Финансиски средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неодреден временски период, кои може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или промени во каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

*Финансиски средства кои се чуваат до доспевање*
Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се не-деривативни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои, Раководството на Банката има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Банката продаде значаен износ на финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се рекласифицира во финансиските средства расположливи за продажба.

*Иницијално признавање и депризнавање*
Набавките и продажбите на финансиските средства расположливи за продажба и оние кои се чуваат до доспевање се евидентираат на датумот на купувањето - датум на кој што Банката има обврска да го купи или продаде средството. Кредитите се признаваат кога готовината се авансира на позајмувачите. Финансиските средства, освен финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби, иницијално се признаваат по објективна вредност зголемена за трошоците на трансакцијата. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Банката ги пренела значително сите ризици и користи од сопственост.

**Значајни сметководствени политики (продолжува)**
**Финансиски средства (продолжува)**
*Последователно мерење*
По почетното признавање, Банката ги мери финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби и расположливите-за-продажба финансиски средства по нивната објективна вредност без било какви намалувања за трансакционите трошоци кои може да настанат при нивната продажба.

Објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активниот пазар се базира на нивната куповна цена на денот на Извештајот за финансиска состојба.

Доколку пазарот на кој котира финансиското средство не е активен, Банката ја утврдува објективната вредност на средството со примена на техники за вреднување. Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената. Доколку вредноста на сопственичките инструменти не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

Вложувањата чувани-до-доспевање и кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата намалени за евентуалните загуби поради оштетување.

Реализираните добивки и загуби како и нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на финансиските средства кои се определени како средства по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивките и загубите во периодот во кој настануваат.

Нето промените во објективната вредност на финансиските средства класифицирани како средства по објективна вредност преку добивките и загубите го вклучуваат и приходот од камата.

Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на средствата расположливи-за-продажба се признаваат во останатата сеопфатна добивка, освен загубите од оштетување и добивките и загубите од курсни разлики на монетарните ставки како што се должничките хартии од вредност, кои се признаваат во добивките и загубите.

При продажба или оштетување на финансиските средства расположливи-за-продажба кумулативните добивки и загуби кои претходно биле признаени во сеопфатната добивка се признаваат во добивките и загубите. Во случај кога финансиските средства расположливи за продажба носат камата, каматата пресметана со методот на ефективна камата се признава во добивките и загубите.

### 1.2.8 Оштетување на финансиските средства

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на билансирање, Банката проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата (“случај на загуба“) и дека тој случај на загуба (или случаи) влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Критериумите што Банката ги користи при утврдување на постоењето објективен доказ за загуба од оштетување, вклучуваат:

- Непочитување на договорните обврски за плаќање на главнината или каматата;
- Денови на доцнење при плаќање на главнината или каматата;
- Потешкотии со паричните текови кај позајмувачот;
- Неисполнување на договорите или условите за кредитирање;
- Влошување на конкурентната позиција на позајмувачот;
- Намалување на вредноста на дадените гаранции - колатерал;
- Отпочнување на стечајни постапки;
- Активирање на обезбедувањето.

Банката врши проценка на постоењето на објективен доказ за оштетување на поединечна основа за поединечно значајни финансиски средства, како и поединечно или збирно за финансиски средства што не се поединечно значајни.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот) дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансискто средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Биланс на успех.

Во случај на ненаплатливост на кредитот, истиот се отпишува наспроти соодветното резервирање поради оштетување. Таквите кредити се отпишуваат откако ќе се завршат сите неопходни процедури и ќе се утврди износот на загубата. Последователните надоместувања на претходно отпишаните износи го намалуваат износот на резервирањето поради оштетување на кредитите, во корист на тековните добивки. Доколку, последователно, износот на загубата од оштетување се намали и намалувањето може објективно да се поврзе со настан кој се случува по признавањето на оштетувањето (како што е подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признатата загуба од оштетување се намалува преку корекција на сметката на исправка на вредност (оштетување на средства). Износот на намалувањето се признава во корист на тековните добивки како ослободување на исправката на вредност (загуба поради оштетување).

Значајни сметководствени политики (продолжува)
Оштетување на финансиските средства (продолжува)

*Средства евидентирани по објективна вредност*

На секој датум на билансирање, Банката проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи-за- продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во Билансот на успех. Доколку, во последователен период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето на загубата поради оштетување во тековните добивки или загуби, загубата поради оштетување се намалува преку Билансот на успех.

### 1.2.9 Нематеријални средства

Компјутерски софтвер

Трошоците поврзани со одржувањето на компјутерски софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи контролирани од страна на Банката кои најверојатно ќе создадат економски користи кои ќе ги надминат трошоците после една година, се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизирани користејќи праволиниска метода во текот на период од четири години.

Права и лиценци

Трошоците за стекнување права и лиценци се капитализирани и амортизирани користејќи праволиниска метода во текот на период од четири години.

### 1.2.10 Недвижности и опрема

Дел од градежните објекти што претставуваат група на објекти се евидентирани по нивната ревалоризирана вредност, утврдена по пат на проценка извршена од независни овластени проценители, намалена за акумулираната амортизација и резервирањето поради оштетување. Зголемувањето на евидентираната вредност на недвижностите, постројките и опремата поради ревалоризацијата е признаено во корист на ревалоризационите резерви во рамките на капиталот на Друштвото. Кога ревалоризираните средства се расходуваат или продаваат, соодветниот дел од ревалоризационите резерви се пренесува во корист на нераспределената добивка за периодот.

Сите останати недвижности и опрема се евидентирани по набавна вредност намалена за акумулирана амортизација. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Амортизацијата се пресметува правопропорционално, со цел алокација на набавната вредност на имотот, зградите и опремата во текот на нивниот проценет век на употреба. Во продолжение е даден проценетиот век на употреба на некои позначајни ставки од материјалните средства:

Значајни сметководствени политики (продолжува)

Недвижности и опрема (продолжува)

| | |
|---|---|
| Згради | 50 години |
| Мебел | 10 години |
| Возила | 4 години |
| Машини и опрема | 5 години |
| Софтвер и права на користење на софтвер | 10 години |

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Банката поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во билансот на успех во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

Добивките и загубите поврзани со отуѓувањата се утврдуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Истите се вклучуваат во Билансот на успех.

### 1.2.11 Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување

Нетековни средства кои се очекува да се надоместат примарно преку продажба, отколку преку континуирана употреба се класифицирани како такви кои се чуваат за продажба. Нетековните средства кои се чуваат за продажба се мерат по пониската од нивната сметководствена вредност и нивната објективна вредност, намалена за трошоците за продажба. Загубите поради оштетување се признаваат во Билансот на успех. Не се признаваат добивки над износот на акумулираната загуба поради оштетување.

Нетековните средствата на Банката кои се чуваат за продажба се состојат од недвижности кои се чуваат за продажба и во однос на кои Банката е во процес на активни преговори со потенцијални купувачи со цел остварување на продажна вредност повисока од набавната вредност.

### 1.2.12 Оштетување на нефинансиски средства

Средствата подложни на амортизација се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести.

Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

### 1.2.13 Парични средства и еквиваленти

За потребите на Извештајот за паричните текови, паричните средства и еквиваленти вклучуваат сметки со достасаност помала од 3 месеци од датумот на набавка,

Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 1.2.14 Резервирање

Резервирање се признава кога Банката има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

### 1.2.15 Надомести за вработените

Банката плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени, согласно домашната регулатива за социјално осигурување. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во државниот Пензиски фонд и задолжителните приватни пензиски фондови. Не постои дополнителна обврска во врска со овие пензиски планови. Освен тоа, сите работодавци во Република Македонија имаат обврска да исплаќаат на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден со закон. Банката нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

Банката не оперира со пензиски планови или планови за надомести при пензионирање, така што нема дополнителни обврски за пензии. Банката не е обврзана да обезбеди дополнителни надомести за тековните или претходните вработени.

### 1.2.16 Тековен и одложен данок од добивка

Данокот од добивка, по стапка од 10%, се плаќа на непризнаени расходи, помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намален за износот на даночниот кредит, како и на распределената добивка за дивиденди на правни лица - нерезиденти и на физички лица. Нераспределената добивка не се оданочува.

Одложениот данок од добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот данок од добивка се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот данок од добивка се терети или одобрува во Билансот на успех, освен доколку се однесува на ставки кои директно го теретат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2011 година, Банката нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 1.2.17 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман.

Финансиските обврски по амортизирана набавна вредност се состојат од позајмици, депозити на банки и други комитенти и останати обврски.

*Позајмици*

Позајмиците иницијално се признаваат по објективна вредност, што претставува примени приливи (објективна вредност на примените надоместоци) корегирани за направените трошоци на трансакцијата. Позајмиците се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност. Позајмиците престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

*Депозити на банки и други комитенти*

Депозитите на банки и други комитенти генерално претставуваат: тековни сметки, депозити во видување и орочени депозити на правни и физички лица.

Банката ги признава депозитите на банки и комитенти во својот Биланс на состојба само кога станува странка на договорните одредби на инструментот. Депозитите на банки и други комитенти почетно се мерат според нивната објективна вредност, корегирана за трансакционите трошоци кои директно се поврзани со преземањето или издавањето на финансиската обврска. Депозитите на банки и други комитенти последователно се мерат според амортизираната набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Депозитите на банки и други комитенти престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

*Останати обврски*

Останатите обврски иницијално се признаваат по објективна вредност, што претставува примени приливи (објективна вредност на примените надоместоци) корегирани за направените трошоци на трансакцијата. Останатите обврски се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност. Останатите обврски престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

### 1.2.18 Наем

Утврдувањето дали еден договор претставува или содржи наем се базира на суштината на договорот во зависност дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

*Банката како закупец*

Финансискиот наем кој на Банката суштински му ги пренесуваат ризиците и бенефитите поврзани за сопственост на предметот на наем се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по реална вредност на возилото/опремата кое е предмет на наем или ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните плаќања за наем. Плаќањата за наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на обврските за наем со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот.

Значајни сметководствени политики (продолжува)
Наем (продолжува)

Средствата предмет на наем се амортизираат според пократкиот од процenетиот век на средството или според периодот на наем, ако не постои реална сигурност дека Банката ќе стекне сопственост над средството до крајот на периодот на наем.

Плаќањата на оперативниот наем се признаваат како трошок во добивки или загуби по праволиниска метода во текот на периодот на наем. Однапред платените наемнини се признаваат како одложени расходи.

*Банката како закуподавач*

Наемот каде Банката суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицираат како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договарањето на оперативен наем во Билансот на состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како профит или загуба во текот на периодот на наем на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход. Банката нема класифицирано средства во оваа категорија.

### 1.2.19 Капитал, резерви и плаќања за дивиденди

(а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

(б) Трошоци поврзани со емисија на  акции

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани во капиталот како намалување, нето од данокот, на приливите.

(в) Сопствени акции

Кога Банката откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

(г) Резерви

Резервите се состојат од законски резерви и ревалоризациони резерви. Законските резерви се создадени во текот на периодите врз основа на распределба на акумулирани добивки согласно законската регулатива и одлуките на Собранието на Банката. Ревалоризационите резерви се создадени од ревалоризација на средствата расположливи за продажба, како и ревалоризација на недвижностите и опремата.

(д) Нераспределени добивки/(загуби)

Нераспределните добивки/(загуби) ги вклучуваат тековните како и оние од претходните периоди, задржани добивки и загуби.

(е) Дивиденди на обични акции

Дивидендите на обичните акции се признаваат како обврски во периодот во кој што се одобрени од страна на акционерите на Банката.

Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 1.2.20 Известување според сегменти

Деловен сегмент претставува група на средства или активности кои се ангажирани во обезбедувањето на производи или услуги кои се предмет на ризици и надомести кои се разликуваат од оние во останатите деловни сегменти. Географскиот сегмент е ангажиран во обезбедување на производи или услуги во одредено економско опкружување кое е предмет на ризици и надомести кои се разликуваат од оние сегменти кои ги извршуваат активностите во други економски опкружувања.

### 1.2.21 Потенцијални и преземени обврски

Банката презема обврски во текот на своите деловни активности по основ на кредитни пласмани евидентирани на сметките од вонбилансната евиденција, што првенствено вклучуваат гаранции, акредитиви и неискористени кредитни лимити. Овие финансиски обврски се евидентираат во Билансот на состојба кога ќе можат да се повратат. Резервирање поради оштетување поврзано со вонбилансните потенцијални и преземени обврски е вклучено во Билансот на состојба како обврска.

### 1.2.22 Доверителски активности

Банката вообичаено делува како доверител и има останати доверителски својства што резултира во чување или пласирање на средства во име на физички лица или останати институции. Овие средства и приходот кој резултира од нив не се вклучени во овие финансиски извештаи, поради тоа што тие не се средства на Банката.

### 1.2.23 Настани по датумот на известување

Оние последователни настани кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Банката на датумот на билансирањето (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

### 1.3 Употреба на оценки и проценки

Банката врши проценки и претпоставки кои влијаат врз објавените износи на средства и обврски во рамките на следната финансиска година. Проценките постојано се предмет на проверка и се базираат на минати искуства и други фактори, вклучувајќи очекувања од идни настани за кои се верува дека се разумни во однос на околностите во кои се јавуваат.

Оштетување на кредити одобрени на комитенти

Банката квартално го проверува своето кредитно портфолио со цел проценка на неговата оштетеност. При одредувањето на потребата за признавање на загуба од оштетување во Билансот на успех, Банката проценува дали постојат евидентни докази кои укажуваат на мерливо намалување во проценетите парични текови од кредитното портфолио пред идентификување на намалувањето на ниво на поединечен кредит во рамките на портфолиото на кредити и аванси. Доказите вклучуваат евидентни податоци кои укажуваат на постоење неповолна промена во плаќањата од страна на позајмувачите во групата, или пак податоци на ниво на земја или локални економски услови кои се во корелација со намалувањето на средствата во групата. Раководството употребува проценки базирани на минати искуства поврзани со оштетувањето на средствата со карактеристики на кредитен ризик како и објективни докази на оштетување слични на оние во портфолиото при распоредувањето на идните парични текови. Методологијата и претпоставките кои се користат за проценка на износот и периодот на идните парични текови се проверуваат редовно, со цел намалување на какви било разлики помеѓу проценетите и фактичките загуби.

Оштетување на вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба

Банката утврдува дека постои оштетување кај вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба тогаш кога постои значителен пад на објективната вредност под нивото на нивната набавната вредност. Одредувањето на тоа што е значајно или пролонгирано бара соодветна проценка. Во формирањето на оваа проценка, помеѓу останатите фактори, Банката ја оценува нормалната непостојаност кај цените на акциите. Понатаму, оштетувањето може да биде соодветно кога постои доказ за влошување на финансиската состојба на инвеститорот, успешноста на индустрискиот сектор, промени во технологијата, како и оперативните и финансиски парични текови.

### 1.4 Промена на сметководствените политики, сметководствените оценки и корекција на грешки

Во текот на 2011 и 2010 година, Банката нема направено промена на сметководствените политики и оценки, ниту пак има корекција на грешки од претходни периоди.

### 1.5 Усогласеност со законската регулатива

На пресечниот датум 31 декември 2011 година, Банката е во целост усогласена со законската и подзаконската регулатива во поглед на сите лимити за изложеност на Банката кои што произлегуваат од Законот за Банките и подзаконските акти усвоени од Советот на НБРМ.

## 2 Управување со ризици

Банката воспоставува интегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на кои е изложена и кој е соодветен на природата, големината и сложеноста на финансиските активности коишто ги врши.

Банката во своето работење е изложена на следните видови ризици:

- Кредитен ризик, вклучувајќи го и ризикот на земјата;
- Ликвидносен ризик;
- Валутен ризик;
- Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности;
- Ризик од концентрација на изложеноста на Банката;
- Оперативен ризик;
- Стратегиски ризик;
- Правен ризик;
- Репутациски ризик.

Врз основа на Стратегијата за преземање и управување со ризици, Банката воспоставува посебни политики и процедури за преземање и управување со сите ризици на кои е изложена во своето работење.

Политиките за преземање и управување со ризиците содржат:

- Оценка на капацитетот на Банката за преземање одделни ризици, како и за оценка на нејзиниот профил на ризичност;
- Организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците;
- Основни елементи на управувањето со ризиците;
- Прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците;
- Внатрешната контрола и основни елементи на процесот на интерно утврдување и оценка на потребната адекватност на капиталот на Банката.

Исто така, Банката согласно политиките за преземање и управување со ризиците воспоставува процедури за преземање, мерење или оценка, следење, контрола или намалување на ризиците кои треба:

- Да овозможат навремено и сеопфатно идентификување на ризиците (мапирање на ризиците) со кои се соочува Банката;
- Да се засноваат врз квантитативни и/или квалитативни оценки за мерливите и немерливите ризици;
- Да вклучуваат правила, начини и постапки за намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците, кои се идентификувани, мерени и оценети од страна на Банката;
- Да се дефинираат фреквенцијата и методите за следење на ризиците.

Банката воспоставува организациона структура, со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризиците, која одговара на големината, видот и сложеноста на Банката и на финансиските активности кои ги врши.

Управување со ризици (продолжува)

Организацијата на системот за управување со ризиците се воспоставува на следните хиерархиски нивоа:

- Стратешко ниво - функцијата на управување со ризиците се остварува од страна на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор;
- Макрониво - функцијата на управување со ризиците на ниво на деловна единица или деловна линија и се извршува од страна на другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција и/или од посебниот организациски дел надлежен за следење на управувањето со сите или со одделни ризици и се одвива на ниво на Одбор за управување со ризици;
- Микрониво - активностите поврзани со управувањето со ризиците се извршуваат од страна на лицата кои во секојдневното работење преземаат ризици, согласно со процедурите за работа и системите за внатрешна контрола, и се одвива на ниво на центар за управување со ризици и на ниво на деловни единици сектори.

## 2.1 Кредитен ризик

Кредитниот ризик е ризик од финансиска загуба на Банката доколку клиентот или договорната странка од финансиски инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски и главно произлегува од дадените кредити и аванси на клиенти и други банки, издадени гаранции и акредитиви и вложувања во хартии од вредност. Со цел управување со ризик, Банката ги зема предвид и ги разгледува збирно сите елементи од изложеноста на кредитен ризик (како индивидуален ризик на неисполнување на обврските на должникот, ризик на земја и ризик на одделен сектор).

Банката дефинира прифатливи кредитни изложености со што се очекува:

- Дисперзија на кредитниот ризик;
- Зголемување на обемот на кредитното портфолио;
- Подобрување на квалитетот на портфолиото;
- Зголемување на профитабилноста на Банката.

Банката ги управува, ограничува и контролира концентрациите на кредитниот ризик во моментот на нивно идентификување - особено во однос на поединечни договорни страни или групи, како и во однос на индустриски сектори и земји.

Банката ги структурира нивоата на преземениот кредитен ризик по пат на одредување лимити на прифатлив ризик во врска со еден позајмувач, или група позајмувачи, и на географски и индустриски сегменти.

Изложеноста на кредитен ризик исто така се управува преку редовна анализа на способноста на позајмувачите да ги исполнат своите обврски по основ на каматата и главнината, како и преку измена на овие кредитни лимити доколку е тоа возможно.

Обезбедувањето претставува еден од најтрадиционалните и најчести начини за намалување на кредитниот ризик. Банката применува упатства во врска со прифатливоста на одредени класи на обезбедување. Основните видови обезбедување за кредитите и авансите се следните:

- Хипотеки над станбен имот и деловен простор;
- Залог врз деловни средства како што се, опрема, залихи и побарувања;
- Залог врз финансиски инструменти како што се акции;
- Паричен депозит;
- Меница.

Банката доколку оцени, а со цел намалување на кредитниот ризик, може да побара дополнително обезбедување од своите комитенти.

Кредитен ризик (продолжува)

Политики и процедури

По извршената класификација на изложеноста на кредитен ризик на поединечна основа, Банката врши исправка на вредноста на активните билансни и вонбиласни побарувања преку утврдување на сегашна вредност на идните парични текови кои ќе настанат врз основа на тие побарувања.

Износот на исправката на вредност за активните билансни побарувања на поединечна основа се утврдува како разлика помеѓу сметководствената вредност на билансите побарувања и сегашната вредност на проценетите надоместливи износи (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот). Сегашната вредност на активните билансни побарувања се добива со дисконтирање на очекуваните идни парични текови по тие побарувања со употреба на ефективна каматна стапка утврдена врз основа на договорот.

Ефективната каматна стапка е каматна стапка со чија примена сегашната вредност на сите идни парични приливи се изедначува со сегашната вредност на сите идни парични одливи. При пресметка на ефективната каматна стапка Банката:

- Ги зема предвид сите идни парични текови (приливи и одливи) кои се очекува дека ќе настанат согласно договорените услови;
- Ги зема предвид и сите платени и/ или наплатени провизии и надомести кои претставуваат составен дел од ефективната каматна стапка на побарувањето;
- Не ги зема предвид провизиите и надоместите за вложување на депозит како обезбедување за побарувањето;
- Не ги зема предвид идните загуби поради кредитен ризик од побарувањето.

За потребите за дисконтирање на очекуваните идни парични текови се употребува ефективна каматна стапка на годишна основа.

Доколку поради финансиски потешкотии на клиентот, Банката одобри измена на условите на кредитирање, во поглед на висината на каматата и периодите на отплата на обврските на клиенти, за дисконтирање на очекуваните идни парични текови се употребува ефективната каматна стапка, важечка пред измените на условите на кредитирање.

За дисконтирање на очекуваните идни парични текови од побарувања со променлива каматна стапка, Банката ја применува ефективната каматна стапка, согласно договорот, важечка на денот на утврдување на сегашната вредност на очекуваните парични текови.

Во овие случаи, ефективната каматна стапка се пресметува за целиот период на важност на договорот (не само на преостанатиот период до достасување), со примена на каматна стапка, важечка на денот на утврдување на сегашната вредност на очекуваните парични текови. Доколку каматна стапка на денот на утврдување на сегашната вредност е променета за помалку од 10% во однос на последната каматна стапка со која е извршено дисконтирање на идните парични текови, Банката може да ја примени претходната ефективна каматна стапка која била применета при утврдување на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови.

Банката врши исправка на вредноста, односно издвојува посебна резерва, во рамките на следните граници:

- Од 0% до 10% од изложеноста на кредитен ризик класифицирана во
- категоријата на ризик “А”;
- Над 10% до 25% од изложеноста на кредитен ризик класифицирана во
- категоријата на ризик “Б”;
- Над 25% до 50% од изложеноста на кредитен ризик класифицирана во
- категоријата на ризик “В”;
- Над 50% до 75% од изложеноста на кредитен ризик класифицирана во
- категоријата на ризик “Г”.;

Кредитен ризик (продолжува)

- Над 75% до 100% од изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категоријата на ризик "Д".

## Вкупна изложеност на кредитен ризик пред добиено обезбедување

Вкупната изложеност на кредитен ризик е прикажана преку евидентираните износи на финансиските средства во Билансот на состојба прикжани во табелата подолу (во илјади денари). Притоа, износите се презентирани согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик, пропишана од НБРМ:

## Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)
## Управување со ризици (продолжува)

### Кредитен ризик (продолжува)
### *А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик*

| во илјади Денари | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| **I. Сметководствена вредност на изложености за кои е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, пред исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик А | - | - | 699,554 | 478,909 | 152 | 605 | - | - | 8,899 | - | 395 | 129 | 81,467 | 40,274 | 127,164 | 68,749 | 917,631 | 588,666 |
| категорија на ризик Б | - | - | 28,819 | 8,110 | - | - | - | - | - | - | 20 | 33 | - | 37 | 401 | 141 | 29,240 | 8,321 |
| категорија на ризик В | - | - | 45,132 | 14,292 | - | - | - | - | - | - | 543 | 128 | 27 | 78 | 436 | 86 | 46,138 | 14,584 |
| категорија на ризик Г | - | - | 14,968 | 6,652 | - | - | - | - | - | - | 189 | 59 | 1,091 | 1,056 | 519 | 169 | 16,767 | 7,936 |
| категорија на ризик Д | - | - | 101,562 | 33,254 | 7,421 | 6,590 | - | - | 4,221 | - | 2,765 | 855 | 10,759 | 419 | 2,344 | 594 | 129,072 | 41,712 |
| | **-** | **-** | **890,035** | **541,217** | **7,573** | **7,195** | **-** | **-** | **13,120** | **-** | **3,912** | **1,204** | **93,344** | **41,864** | **130,864** | **69,739** | **1,138,848** | **661,219** |
| (Исправка на вредноста и посебна резерва на поединечна основа) | - | - | (118,858) | (40,248) | (7,436) | (6,590) | - | - | (4,228) | - | (2,940) | (1,022) | (11,895) | (999) | (2,661) | (655) | (148,018) | (49,514) |
| **Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа** | **-** | **-** | **771,177** | **500,969** | **137** | **605** | **-** | **-** | **8,892** | **-** | **972** | **182** | **81,449** | **40,865** | **128,203** | **69,084** | **990,830** | **611,705** |
| **Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, пред исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)
Управување со ризици (продолжува)

## Кредитен ризик (продолжува)

*А.Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжува)*

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади Денари* | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| поединечно незначајни изложености (портфолио на мали кредити) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| поединечно значајни изложености кои не се оштетени на поединечна основа | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| (Исправка на вредноста и посебна резерва на групна основа) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **II.Сметководствена вредност на изложености за кои не е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **достасани побарувања** | **-** | **-** | **12** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **12** | **-** |
| Старосна структура на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| до 30 дена | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Сметководствена вредност на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **недостасани побарувања** | **-** | **-** | **15,757** | **48,985** | **-** | **-** | **-** | **-** | **3,285,908** | **750,518** | **2** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **3,301,667** | **799,503** |
| реструктурирани побарувања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| останати побарувања | - | - | - | - | 23,143 | 22,877 | - | 147,307 | - | - | - | 63 | 7,092 | 5,585 | - | 9,592 | 30,235 | 185,424 |

## Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)
## Управување со ризици (продолжува)

### Кредитен ризик (продолжува)
*А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжува)*

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади Денари* | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| Сметководствена вредност на недостасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста/посебна резерва | - | - | **15,769** | **48,985** | **23,143** | **22,877** | - | **147,307** | **3,285,908** | **750,518** | **2** | **63** | **7,092** | **5,585** | - | **9,592** | **3,331,914** | **984,927** |
| **Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик пред исправката на вредноста и посебната резерва** | **-** | **-** | **905,804** | **590,202** | **30,716** | **30,072** | **-** | **147,307** | **3,299,028** | **750,518** | **3,914** | **1,267** | **100,436** | **47,449** | **130,864** | **79,331** | **4,470,762** | **1,646,146** |
| **(Вкупна исправка на вредноста и посебна резерва)** | **-** | **-** | **(118,858)** | **(40,248)** | **(7,436)** | **(6,590)** | **-** | **-** | **(4,228)** | **-** | **(2,940)** | **(1,022)** | **(11,895)** | **(999)** | **(2,661)** | **(655)** | **(148,018)** | **(49,514)** |
| **Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик намалена за исправката на вредноста и посебната резерва** | **-** | **-** | **786,946** | **549,954** | **23,280** | **23,482** | **-** | **147,307** | **3,294,800** | **750,518** | **974** | **245** | **88,541** | **46,450** | **128,203** | **78,676** | **4,322,744** | **1,596,632** |

## Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)
## Управување со ризици (продолжува)

### Кредитен ризик (продолжува)
*Б. Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик*

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади Денари* | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| Вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на поединечна основа | - | - | - | - | | - | | - | | - | - | - | - | - | - | - |
| Првокласни инструменти за обезбедување: | | | | | | | | | | | | | | | | |
| парични депозити (во депо и/или ограничени на сметки во Банката) | - | - | 20,192 | 43,485 | - | - | - | - | - | - | 72,760 | 12,486 | 3,900 | - | 96,852 | 55,971 |
| Државни хартии од вредност | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Државни безусловни гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| банкарски гаранции | - | - | - | 3,500 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3,500 |
| Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Гаранции од физички лица | - | - | 543,219 | 129,117 | | - | | - | - | - | - | - | - | - | 543,219 | 129,117 |
| Залог на недвижен имот | | | | | - | | - | | - | | | | | | | |
| имот за сопствена употреба (станови, куќи) | - | - | 544,743 | 301,872 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 544,743 | 301,872 |
| имот за вршење дејност | - | - | 1,093,914 | 411,206 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1,093,914 | 411,206 |
| Залог на подвижен имот | - | - | 66,503 | 46,569 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 66,503 | 46,569 |
| Останати видови на обезбедување | - | - | 335,104 | 57,274 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 335,104 | 57,274 |
| **Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност која што се оценува за оштетување на поединечна основа** | **-** | **-** | **2,603,675** | **993,023** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **72,760** | **12,486** | **3,900** | **-** | **2,680,335** | **1,005,509** |

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)
Управување со ризици (продолжува)

## Кредитен ризик (продолжува)

*Б. Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик (продолжува)*

| во илјади Денари | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| Вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Првокласни инструменти за обезбедување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| парични депозити (во депо и/или ограничени на сметки во Банката) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Државни хартии од вредност | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Државни безусловни гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| банкарски гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гаранции од физички лица | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Залог на недвижен имот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Имот за сопствена употреба (станови, куќи) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Имот за вршење дејност | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Залог на подвижен имот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати видови на обезбедување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност која што се оценува за оштетување на групна основа** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Управување со ризици (продолжува)**

**Кредитен ризик (продолжува)**
***В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности***

Следната табела дава преглед на изложеноста на Банката на кредитен ризик според евидентираните износи, категоризирани по индустриски сектори со состојба на 31 декември 2011 и 2010 година:

| во илјади Денари | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| Нерезиденти | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 229 | - | - | - | 229 | - |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | - | - | 26,714 | 202 | - | - | - | - | - | - | 32 | 27 | 9 | 13 | 150 | - | 26,905 | 242 |
| Рударство и вадење на камен | - | - | 129 | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 | - | - | - | - | 130 | 1 |
| Прехрамбена индустрија | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Текстилна индустрија и производство на облека и обувки | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Хемиска индустрија, производство на градежни материјали, производство и преработка на горива, фармацевтска индустрија | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Производство на метали, машини, алати и опрема | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останата преработувачка индустрија | - | - | 87,688 | 30,570 | - | - | - | - | - | - | 59 | 18 | - | - | 1,481 | 1,458 | 89,228 | 32,046 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 3 | 4 | 1 | - | - | 6 | 4 |
| Градежништво | - | - | 56,740 | 44,255 | - | - | - | - | - | - | 33 | 8 | 601 | - | 18,910 | 10,662 | 76,284 | 54,925 |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Управување со ризици (продолжува)**

**Кредитен ризик (продолжува)**
***В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности (продолжува)***

| *во илјади Денари* | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и моторцикли | - | - | 58,240 | 51,689 | - | - | - | - | - | - | 291 | 12 | 192 | 498 | 15,949 | 4,092 | 74,672 | 56,291 |
| Транспорт и складирање | - | - | 29,804 | 30,441 | - | - | - | - | - | - | 46 | 14 | 130 | 144 | 24,986 | 14,994 | 54,966 | 45,593 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | - | - | 22,281 | 19,732 | - | - | - | - | - | - | 93 | 7 | 164 | 296 | 12,380 | 18,520 | 34,918 | 38,555 |
| Информации и комуникации | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | - | - | - | - | 23,280 | 23,482 | - | - | 2,092,605 | 750,518 | 24 | 82 | 86,373 | 42,973 | - | - | 2,202,282 | 817,055 |
| Дејности во врска со недвижен имот | - | - | 125,075 | 220,266 | - | - | - | - | - | - | 19 | 26 | 3 | 2 | - | 608 | 125,097 | 220,902 |
| Стручни, научни и технички дејности | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Административни и помошни услужни дејности | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | - | - | - | - | - | - | - | 147,307 | 1,202,195 | - | 25 | - | - | - | - | - | 1,202,220 | 147,307 |
| Образование | - | - | 5,025 | 13,470 | - | - | - | - | - | - | 4 | 1 | - | - | - | - | 5,029 | 13,471 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | - | - | 5,391 | 220 | - | - | - | - | - | - | 74 | 1 | 6 | - | - | 236 | 5,471 | 457 |
| Уметност, забава и рекреација | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Други услужни дејности | - | - | 23,364 | 131 | - | - | - | - | - | - | 216 | 8 | 373 | 1,339 | 406 | - | 24,359 | 1,478 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Управување со ризици (продолжува)**

**Кредитен ризик (продолжува)**
***В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности (продолжува)***

